## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шестото продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 мај 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,31 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теуата Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Ристана Лалчевска, Бесим Догани, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Зоран Витанов, Весна Јаневска, Андреј Жерновски, Елмазе Селмани, Радмила Шекеринска, Цветанка Иванова, Илинка Митрева, Никола Рилкоски, Веле Митановски и Верица Филипова, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број пратеници кои се присутни во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Продолжуваме со 4-та точка - Предлог на закон за рамномерен регионален развој.**

Претресот по амандманот на член 15 став 1 за додавање нова алинеја 5 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Весна Бендевска, Ацо Киров, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Есад Рахиќ, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска - Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници. За гласале 10, воздржани нема и 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2 за менување на алинеја 1, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Весна Бендевска, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Влатко Серафимов, Благородна Цветковска, Мери Младеновска - Ѓорѓиевска, и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа. Повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа амандманот 23 поднесен од групата на пратеници, меѓутоа би сакал да напоменам дека амандманите 23, 24, 25 и 26 се однесуваат на едно исто барање односно претседателот на ЗЕЛС да биде дел или член на Советот за рамномерен регионален развој, што јас би го прифатил, меѓутоа тоа би го прифатил во амандман 26.

Ова го кажувам за да го имаат предвид пратениците во дискусијата за она што Владата мисли да направи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Да не дојде до забуна во јавноста не се исти амандманите бидејќи се разликуваат во резултатот, во односот на Владата во однос на претставниците на локалната самоуправа, во решавањето или носењето на политиката или рамномерниот регионален развој во Република Македонија.

Имено, со предлогот на Владата, како еден од носителите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој покрај Владата, покрај Министерството е и Советот за рамномерен регионален развој. Тоа беше аргументација дека нема потреба од вклучување на ЗЕЛС како посебна институција во рамки на носителите на политиката за поттикнување на рамномерниот регионален развој.

Ако го погледаме составот на Советот за рамномерен регионален развој ќе видиме дека во тој Совет има 9 претставници на Владата и 8 претставници на локалната самоуправа односно претседателите на регионите, на советите на планските региони.

Значи, тој дизбаланс на страна на Владата покрај маргинизирањето на ЗЕЛС се прави и мајоризација во рамките на Советот за рамномерен регионален развој и за да го решиме тоа и да му дадеме шанса вистинска на општините да се грижат за рамномерниот регионален развој предлагаме тој баланс 9:8 да биде на другата страна, према општините, према локалната самоуправа и затоа наместо замеником на претседателот на Владата одговорен за економски прашања, ако има таква дефиниција во органите на управата во Законот, што не мора да значи, тогаш велиме да биде претседателот на Заедницата на единиците на локална самоуправа. Тогаш Владата би била присутна со своите ресорни министерства 8, каде што е и Министерството за економија, а од друга страна

интересите или политиката за поттикнување на рамномерниот регионален развој би доаѓала од планските региони и од претседателот на ЗЕЛС кој што може да биде од било која политичка партија.

Затоа мислам дека овој амандман има логика, да се обидеме да ја вратиме поттикнувачката улога, развојната улога, или идеите да доаѓаат од општините, затоа што тие најдобро си ја знаат состојбата, тие најдобро си ги знаат потребите и тие да бидат чинители на носењето на политиката за рамномерен регионален развој.

Владата како политичка Влада си има свои јасни цели, но од друга страна сметаме дека градоначалниците кои што се градоначалници на сите граѓани од една општина поголем интерес имаат ако сакаат да го заработат и следниот мандат да се грижат за развој на општината од каде што доаѓаат.

Од друга страна мислиме дека не е логично во Советот за рамномерен регионален развој како претставници на Владата да биде и министерот за економија и заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања. Мислам дека не може тоа во закон да стои, бидејќи таква дефиниција во органите на управата нема. Можеби ќе дојде влада која што ќе нема заменик претседател задолжен за економски прашања. Всушност нема ваква дефиниција во Законот за органите на управата, за да можеме да го ставиме во закон. Ова става уште еден дополнителен хендикеп на овој закон и тоа апсолутно непотребно.

Јас знам и на пратенички прашања кажав, мојот почитуван соученик е вистинскиот заменик потпретседател на Влада, ама не можеме да го прилагодуваме законот на тоа. Не можеме законот да го третираме врз база на влијанието на некој од претседателите во работата на Владата и да поставуваме дефиниција која воопшто ја нема во правната терминологија и она што се употребува во органите на управата. Затоа ќе биде многу полесно да се прифати овој амандман, а не наместо на Министерството за економија, кое што е маргинализирано заради коалициониот партнер па да се прифати да биде претседател на ЗЕЛС. Или ќе дојдеме до трета варијанта каде што претседателот на ЗЕЛС ќе биде и ќе дојдеме до еден совет каде што ќе има парен број на членови во кој што можеби ќе се заглави работата и не ќе може да се донесе одлдука.

Затоа апелирам до парламентарното мнозинсто и до министерот да подразмисли ако сака да го вклучи претседателот на ЗЕЛС која е најбезболната или која е правно најиздржаната варијанта за да може тоа да се имплементира. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Навистина би му била благодарна на министерот до колку ми ја објасни функцијата на заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања.

Го молам министерот да ми ја објасни функцијата врз основа на кој закон е вметнат овој предлог во ова законско решение, како ќе ја дефинира**.** Дали ние ќе се доведеме во ситуација на некоја наредна влада која нема да одлучи да има заменик министер, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, да останеме без еден член во Советот? Дали ние законите ги правиме врз основа на реални показатели, на реални институции, на реални функции или ги правиме или ги модулираме законите врз основа на постоечки личности кои во моментот се во Владата. Јас се прашувам уште колку законски позиции треба да измислиме за господинот Ставрески да може да стигне на безбројте места на кои е ставен и задолжен како заменик на претседателот на Владата за економски прашања.

Дали вреди целиот закон да пропадне само во името на една личност која е блиска до премиерот и ја ужива неговата голема доверба. Дали треба само заради такви луѓе да носиме вакви закнои, да им креираме места, да им креираме позиции, заради тоа што премиерот нема доверба во другите луѓе? Нема доверба во другите министри кои тој ги предложил? Или само во мала група на луѓе во кои има доверба, па треба да стигнат на сите места и ако нема можност и да им измисли позиции.

Дозволете да кажам дека ова воопшто не кореспондира ниту со градење на реални институции на функционални институции кои можат да придонесат за рамномерен регионален развој? Ниту пак се вклопува во хармонизација со европското законодавство. Вакво нешто во европското законодавство нема да најдете. Нема да најдете правење на закон или измислување на позиции врз основа на персоналните решенија во моменталната Влада.

Јас го молам министерот да одговори која е оваа функција, врз основа на кои критериуми е напишана да биде во овој закон? Што размислувал министерот кога го ставил како член на Советот за рамномерен регионален развој заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања кој не постои како функција во Законот за органи на државната управа. Кои биле неговите побуди? Тој е претставник на Владата кој би требало да ни одговори, бидејќи тука имавме коментар од парламентарното мнозинство дека Владата има стручни капацитети и за тоа треба сите ингеренции што се однесуваат на овој закон да бидат во Владата, а не Собранието, претпоставувам дека министерот тогаш ќе има доблест да одговори врз основа на кои стручни компетенции е произлезен ваквиот предлог и што тој ќе значи?

Значи, овој закон покажува неколку димензии. Неприфаќањето на овој амандман, вклучително. Едната димензија е тоа дека Владата со закон ги одзема ингеренциите на Собранието на Република Македонија, втората тенденција е да се маргинализира ЗЕЛС по секоја цена и по сите основи и покрај тоа што системскиот закон за локална самоуправа и дава обврска на Владата да го прави тоа и третата тенденција која ја открива овој амандман е дека по секоја цена се креираат непостоечки позиции само за одредени персонални решенија во Владата кои се блиски до премиерот. За тоа нема изговор. Дури и да имате аргументи за некои од амандманите што ги одбивте, почитуван министре, вие за овој амандман немате изговор, немате сериозен аргумент, ако имате, јас би сакала да го слушнам врз основа на кои критериуми вие одлучивте заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања, слободно ќе кажам, тоа е господинот Ставрески, би требало да биде во Советот, освен кумовската врска со премиерот, дали има некој друг критериум.

(Реакција од страна на пратениците на зборот “кумовска врска”).

Значи, сметам дека парламентарното мнозинство треба сериозно да размисли и да го прифати овој амандман заради тоа  што за општините и за граѓаните на Република Македонија е поцелисходно претседателот на ЗЕЛС да биде член на Советот по функција отколку непостоечка функција заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања.

До колкук парламентарното мнозинство не го направи тоа, тогаш само ќе оди во прилог на аргументите кои ги искажавме овие денови дека има неколку тенденции кои се очигледни со овој закон, јас ги кажав пред малку, нема да ги повторувам, меѓутоа има можност, еве парламентарното мнозинство да одлучи дали уште еднаш ќе даде потврда на таквите тенденции или ќе овозможи да донесеме еден закон кој ќе биде применлив и кој ќе биде функционален во интерес на остварување на основа за рамномерен регионален развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:**  Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за локална самоуправа.

Јас би сакала да дадам поддршка на овој амандман затоа што ми е многу логичен, но на почетокот би сакала да му се заблагодарам на министерот што после долги денови расправа прифати еден суштински амандман, тоа се однесува на членот 10 и со тоа ќе овозможи барем за нијанса да се ублажи маргинализацијата на Собранието односно да овозможи Собранието, барем да биде вклучено, при донесувањето на стратегијата и тоа морам да кажам дека е добар потег од страна на министерот.

Но, зошто сакам да дадам поддршка за овој амандман. Со оглед на тоа дека министерот кажа за неколку последователни амандмани дека се исти, морам тука да напоменам дека не се исти затоа што добро е ако се согласи, како што пред малку рече, дека ќе го прифати амандманот каде претседателот на ЗЕЛС ќе биде член на овој Совет, но вака со овој амандман што се предлага, се овозможува Советот да биде од непарен број на членови, до колку остане на тоа и со тоа навистина во овој случај се даваат поголеми ингеренции на локалната самоуправа да учествува во овој Совет, да не биде и таа маргинализирана и освен што е добро во таа насока и тука Владата да нема доминантно влијание затоа што, да бидеме искрени, можеме да говориме и поинаку, но јас не би сакала сега да ги банализирам нештата и да му кажам пример на министерот како многу лесно може да се обезбеди тој еден што би бил од овие останати девет члена и токму поради тоа би било навистина логично министерот да го прифатеше и овој амандман со тоа што сосема е доволно осум члена бидат од Владата и девет од овие што се предлагаат односно претежно од локалната самоуправа затоа што и тоа е во насока на целокупниот прогрес на децентрализацијата.

Дотолку повеќе што имам сериозна забелешка што се однесува до членот 16 точка 3 каде вели: “Во работата на Советот за рамномерен локален развој можат да учествуваат научни, стручни лица од областа на регионалниот развој”. Колку што се сеќавам во целокупната дебата при Предлогот за донесување на закон, а и министерот се согласи дека е тоа во ред, требаше да се овозможи “не можат да”, туку треба или должно е да учествуваат научни и стручни лица. Токму поради ова сметам дека овој амандман е во насока да се подобри законот и да се подобри членот 16 кој навистина предизвикува доста дискусии и дебати.

Затоа ќе дадам поддршка на овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 12, воздржано 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2 алинеја 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Нема доволно гласови).

Ги молам службите да достават точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Има доволно).

Во салата во моментот на гласањето имаше доволен број пратеници, според тоа, гласањето е валидно.

Гласале 58 пратеника, за гласале 8, воздржани нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2 за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, поднесен од пратениците Никол Ќуркчиев, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Бидејќи двата амандмани кои следуваат 25 и 26 се идентични, предлагам да биде повлечен од страна на предлагачите амандманот 25, а ќе биде усвоен следниот амандман 26.

**Љубиша Георгиевски:** Молам, што мисли предлагачот по однос на овој предлог?

Еден нека одговори, ве молам, кога ќе бидете готови. Не треба да брзаме.

Добро, имаме пријавени за збор, дали тоа треба да го растолкувам како продолжување на дискусијата по амандманот 25? Повелете.

Значи, министре амандманот не се прифаќа.

Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Во интерес на вистината, прво не станува збор за комплетно идентични амандмани, тоа е сосема совршено јасно.

Она што сакам да се навратам со мала дигресија е она што нам ни беше битно, беше учеството на претседателот на ЗЕЛС господине Коњановски, не да е проформа и во рамките, вие во четвртиот став од овој член предвидувате и раководење со Советот за рамномерен регионален развој и комплетно е јасно имате намера заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања да раководи со Советот.

Она што ние го предлагавме и сметаме дека е многу поконструктивен приод кон политиката за рамномерен регионален развој да им се даде шанса токму на оние да ги развиваме, а тоа се општините, тоа се единиците на локалната самоуправа.

Нам ни е комплетно јасно која е вашата намера. Намера е да се пазарите. Ние со овие амандмани во ни еден момент господине министер не мислевме да се пазариме, мислевме да го подобриме текстот на законот, да го направиме...

Јас ви благодарам на сарказмот и на недоличното однесување кон мене, ве молам да ме сослушате. Благодарам.

Значи, сакавме да понудиме поубаво решение и сакавме да дебатираме со вас. Сакавме да говориме за тежината на персоналниот состав на Советот за рамномерен регионален развој. Имате претставници и од Владата на Република Македонија што како извршна власт апсолутно се согласуваме дека треба да партиципираат, сметавме дека треба да има подеднакво учество по тежина и на претставниците од локалната самоуправа. Меѓутоа, сметаме дека токму претседателот на ЗЕЛС има државна функција и компетентност не само да учествува, туку и да раководи. Сега е сеедно, ќе ја замараме јавноста дали ќе го прифатите амандманот 24, 25 и 26. Но, суштината е многу потешка господине министер. Акцентот треба да го ставиме на претставниците на единиците на локалната самоуправа. Тоа е нашата интенција не во функција на пазарење, туку во функција на подобрување на мерките и политиките за рамномерен регионален развој кои се предмет на овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете, но процедурално има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете вашите три минути.

**Роза Топузоава Каревска:** Почитуван претседателе,

Навистина имам впечаток дека и министерот нема желба да се заврши побрзо расправата. Навистина ова беше непотребно, се работи за два идентични амандмани по ред, всушност колегата вика уште еден, не се прифаќа првиот амандман, се овозможува дебата и сега нормално пратениците ќе си го бранат амандманот, поготово што се работи за пратеници од опозицијата, тоа е нивната должност да се убедуваат и разубедуваат зошто е добар амандманот. Ако се случеше министерот да го прифатеше овој амандман навистина сега веќе ќе говоревме за два-три амандмани понатаму и малку од малку ќе се дадеше ефикасност во работата на Собранието.

Затоа сум изненадена зошто министерот за локална самоуправа придонесува да нема ефикасност онаму каде што навистина не треба да се дебатира затоа што и за него е логично. Вакво тактизирање само губиме време. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, мислев дека колешката Роза Топузова Каревска ќе ви забележи за вашиот разговор кој го водите, но добро е, тука сте.

Јас имам еден предлог, бидејќи има уште пет амандмани за овој ист член, не знам дали ќе се согласи министерот, меѓутоа можеби е најдобро овој несреќен член 16 целосно да се преформулира од страна на предлагачот, ќе добиеме во време, нема да расправаме за наредните пет амандмани, а навистина може многу да се подобри, бидејќи е многу важен амандман, се работи за носителите на политиката на поттикнување на рамномерниот регионален развој, имено се работи за Советот за рамномерен регионален развој, овој член кој содржи шест става, меѓутоа и министерот, а и сите оние кои го разгледале овој член знаат дека навистина има работи кои не заслужуваат да бидат овде.

Предлагам за пет или десет минути да направиме пауза и предлагачот, овие пет амандмани што следуваат, едноставно сите ќе бидат надвор од функција, да ги повлечеме. Доколку пак предлагачот не прифаќа вакво нешто, забележувам дека апсолутно некои работи се непотребни. Имено и во претходниот амандман, дури и ние предлагачите на амандмани не знаевме како министерот за економија да не биде член на Советот за рамномерен регионален развој. Нормално, сите очекуваат министерот за економија да биде член на овој Совет. Меѓутоа, немајќи каде, бидејќи основа на овој закон е сега некако да и се додвориме на Владата, или не знам како, а правиме многу лоша услуга. Во исто време стои и заменикот претседател на Влада задолжен за економски прашања, а и министерот за економија, а никаде не стои претседателот на ЗЕЛС. Во другите ставови пак, да речеме ставот 4, исто така имаме конфузија. Вели: “со Советот за рамномерен регионален развој раководи заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања”. Што ако немаме потпретседател на Влада задолжен за економски прашања.

Следниот став 5 вели:”начинот на работа на Советот за рамномерен регионален развој се уредува со Деловник”. Ве молам, јас веќе по втор пат укажав на некои елементи при работењето на Советите за регионален развој и добро е да бидат дефинирани да не ни се случи отпосле да го водиме ризикот кој се појавува овде.

Шестиот став вели:”стручно-административна и техничка поддршка за работата на Советот за рамномерен регионален развој обезбедува Министерството за локална самоуправа”. Со нови, со стари или со какви луѓе? Имено, почитуван министер едноставно фали дефинирање на фундаменталните принципи на регионалната политика. Значи, апсолутно не е јасно, не е дефинирано кој е носителот на регионалниот развој и регионалната политика, а тоа значи, дека немаме јасна поделба на надлежностите меѓу индивидуалните, би рекол, носители.

Повеќето вработени кои исклучиво ќе работат на регионалниот развој, не значи однапред дека ќе може да се носат и во стручниот, би рекол и во административно-техничкиот дел.

Бидејќи нема рсположение ниту кај колегите пратеници да слушнат некој елемент зошто сакаме да го подобриме законот, овде ќе ја прекинам мојата дискусија, меѓутоа, го замолувам министерот, во интерес и негов и на екипата која работи, можеби наредните четири пет амандмани да не ги дискутираме, да не дебатираме по нив, туку едноставно а се предложи амандман од страна на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот за локална самоуправа, господинот Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Јас мислам дека е сосема јасно, за сите овие работи, за кои дискутиравте пратениче, дадено во Законот за рамномерен регионален развој и мислам дека нема потреба да се додефинираат некои работи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Продолжуваме со дискусијата.

Има збор пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Навистина, министерот воопшто не е јасен во своите искажувања. Од една страна сака да покаже конструктивност, меѓутоа, повеќе како маркетинг пред јавноста, а не како суштина за прифаќање на амандманите на опозицијата и за суштинско подобрување на законот.

Почитуван министре, мене овој Совет за рамномерен регионален развој, како што е вака дефинирано во членот 16, повеќе ми личи и ме потсеќа на владино тело, на владина институција. Погледнето во став 2 кои се се членови на тој Совет и запрашајте се што всушност е неговата функција, да решава владини работи, владини надлежности, или регионални надлежности од интерес на локалната самоуправа. Тука членови на овој Совет, кој треба да биде еден од главните и најоперативните носители на овој рамномерен регионален развој, заменикот претседател на Владата на Република Македонија, министрите кои раководат со министерствата за локална самоуправа, финансии, економија, транспорт и врски, труд и социјална политика, култура, животна средина и просторно планирање, земјоделие, шумарство и водостопанство. Почитуван министре ова нема никаква логика. Не само што овој Совет е владино тело, туку тоа е практично Влада на големо. Повеќе од половина од владиниот кабинет е во овој состав. Тогаш

зошто вие воопшто потребен Совет за регионален развој, нека си го прави тоа самата Влада. Што глумите овде дека вршите некоја децентрализација кога вие всушност го правите обратното, ја централизирате Република Македонија, спротивно на сите трендови и реформи што ги правевме, измени на Уставот итн. Зошто Владата има потреба да завладее и со локалната самоуправа и да ги приграби нејзините законски и уставни надлежности. Законот за рамномерен и регионален развој е само дел од процесот, еден сегмент од процесот на децентрализација. Не може било која Влада да е подобра, да е позаинтересирана, повеќе да се грижи, да е поупатена од било кој орган во кој ќе бидат повеќе членови, претставници од локалните самоуправи. Природно е тоа. Вака, вие едноставно сакате со целата владина политика да доминирате и да го остварите своето политичко и партиско влијание во локалната самоуправа, што не е добро за процесот на децентрализација, за потребите на општините. Впрочем да не прифаќате во овој Совет, што е и барањето на овој амандман, по функција да биде член и претседателот на заедниците на локална самоуправа, не гледам причина и не гледам зошто се плашите од такво нешто. Имено, секако, во секој случај, структурата на овој совет, како што сте ја предвиделе во членот 16, ќе биде предоминантна од владини претставници, од министри. Да ги избројам уште еднаш бројот на министрите и министерствата кои партиципираат во овој совет. Тоа се финансии, економија, транспорт и врски, труд и социјална политика, култура, животна средина и просторно планирање, земјоделие шумарство и водостопанство. Седум министри по функција се членови на овој совет. Која е целта на донесувањето на овој закон, која е логиката, кои се принципите. Владата да се пресели во Советот за регионален развој, или Советот да го преселите во Владата и да си владеете, конечно и да завладеете со општините и со локалната самоуправа. Тоа не е во интерес на локалната самоуправа, не е во интерес на економскиот развој, а за таа цел се донесува овој закон. Секако ќе имате повеќе владини претставници. Што се плашите да биде член таму претседателот на ЗЕЛС, да не ве надгласа случајно. Не само што сакате да завладеете, сакате апсолутна власт. Во никој случај тоа ниту е демократски, ниту е целисходно за целите и принципите за кои се стремите да го донесете овој закон.

На крајот, секако, погледнете го претходниот член 15 став 1, алинеја 1, кој е главен носител на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој, Владата. Потоа доаѓа Советот. Сега што барате и Советот да го претворите во владини тело, кога Владата веќе е на прво место, како носител на рамномерниот регионален развој. Тоа е чиста политизација на локална самоуправа на процесите и политиките што треба да се одвиваат во локалната самоуправа. Владата е прв носител Советот оди после него, Министерството за локална самоуправа пак го ставате во рангот на овие органи и тела кои се носители на рамномерниот развој, па дури на крајот како четврти е Советот на планскиот регион. Значи Владата и министерството повторно ја имаат доминантната улога, а се гуши процесот на децентрализација, се гуши слободата и правото на единиците на локална самоуправа да одлучуваат самите за себе. Секако, никој не го оспорува правото на Владата, на крајот на краиштата таа е и должна да ги обезбедува генералните услови, генералните политики, меѓутоа и може Владата на вака груб начин на микро ниво да се замешува и да одлучува за потребите на локална самоуправа. Затоа, нема да има никаква штета овој закон, напротив, ќе покажат и политичка конструктивност, широкоградост, како власт, дека сте способни да соработувате со опозицијата и на крајот ќе направите само едно подобрување на законот, на неговата функционалност, со тоа што би го прифатиле овој амандман, претседателот на ЗЕЛС по функција да биде член на Советот за рамномерен регионален развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам стручните служби да доставаат точен број на присутни пратеници во салата, ќе го повториме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 65 пратеници, за гласаа 10, воздржани нема, против гласаа 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2 за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски, под архивски број 07-1682/33.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Зоран Коњановски:** Со амандманот на член 16 став 2 по алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи: “Претседателот на ЗЕЛС”.

Овој амандман се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифати амандманот.

Според тоа амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски, под архивски број 07-1682/34.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Зоран Коњановски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Амандманот што го имам предложено вели дека во Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, покрај предвидените министри од Владата на Република Македонија, сега веќе и пртседателот на ЗЕЛС, предлагам да има по еден претставник на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економија и Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство при Собранието на Република Македонија.

Дозволете ми да образложам зошто го предлагам овој амандман.

Имено, ако прочитате во причини за донесување на Законот, целите кои се сака да се постигнат со Законот, основната интенција е да се овозможи рамномерен регионален развој на Република Македонија. Се поаѓа од фактичката состојба во Република Македонија. Фактичката состојба во Република Македонија покажува две работи. Прво, дека досега одлучувањето за развојот на Република Македонија било сконцентрирано во Владата на Република Македонија. Не се однесува само на оваа Влада, туку владите на Република Македонија од АСНОМ па до денес. Ако е така значи прво се покажува дека е негативно тоа што за рамномерен регионален развој досега во развојот на Република Македонија, центарот на одлучување била Владата како орган. Како резултат на таквото одлучување имаме фрапантно лоши резултати. Имено, според некои резултати и податоци, во последен период 91% од вкупните инвестиции во Република Македонија се во Скопје. Скопје има приоди по жител од 1090 денари. Другите градови и региони во Република Македонија кои се над 50 илјади жители имаат 4052 до 4584 денари инвестиции по жител, што значи двојно помалку во однос на Скопје. Ако пак зборуваме за капитални инвестиции, Скопје има 4532 денари по жител, другите градови и региони над 50 илјади жители, имаат 1490 денари капитални инвестиции по жител.

Сега, се поставува прашањето, а сигурно последната година уште полоша е ситуацијата за останатите региони надвор од Скопје во Република Македонија и сега се поставува основното прашање, ако Владата е таа која во овие 60-тина и неколку години во изминатиот период ги носела клучните одлуки за рамномерен регионален развој на Република Македонија и имаме такви негативни показатели кои се егзактни, тука нема бегање, тука нема политика, тогаш се поставува основното прашање, што е тоа што сега кога повторно и се дава доминантна улога и одлука на Владата, дасли на оваа или на некоја идна Влада, што е тоа што битно ќе промени да се измени негативната ситуација за регионалниот равој во Република Македонија.

Затоа предлагам и добро е што се усвои овој амандман и на некои колеги од другите пратеници што предложија за стратегијата да ја усвојува Собранието, добро е тоа што се усвои сега, без разлика на тоа што изгубивме еден час, мене не ми е битно дали е тоа мојот амандман или амандманот од колегите пратеници на СДСМ ќе се усвоеше, тоа воопшто не е важно, претседателот на ЗЕЛС да учествува во работата на Советот за рамномерен регионален развој.

Но сметам дека е потребно доминантната одлучувачка улога да ја имаат Собранието и општините. Мене не ми е јасно зошто не може по еден претставник од комисиите во Собранието, Комисијата за економија, Комисијата за земјоделство, водостопанство и шумарство и Комисијата за финансирање и буџет да учествуваат во работата на Советот.

Сметам дека само на таков начин ќе овозможиме подеднакво настапување на сите региони во Република Македонија, бидејки пратениците се тие кои што се најрепрезентни застапувачи на граѓаните од сите региони во Република Македонија и претставници на најразлични политички партии да учествуваат и да одлучуваат во работата на Советот за рамномерен регионален развој.

Соусвојување на еден амандман се подобри до некаде тој крајно лош состав на Советот, во кој што одлучувачка улога ќе имаат 9-те, односно 8-те министри плус потпретседателот на Владата, значи 9, што во некоја друга варијанта може да не донесе во една лоша состојба. Може некој нов премиер нема да одреди заменик министер кој што ќе биде задолжен за економски прашања. Можеби претседателот на Владата ќе си го земе тоа право тој да биде директно одговорен за економскиот развој односно за економски прашања, бидејки такви ситуации сме имале во некои состави на некои влади. Што значи, ставот каков што е даден од Валдата е недобро формулиран.

Јас упорно укажував на вас колеги пратеници дека треба да ја зајакнеме улогата на Паралментот. Не знам зошто избегнуваме она што го разговараме надвор од оваа сала, во клубот, по ходниците, или на други места, каде што кажуваме дека е девалвирана улогата на Парламентот, зошто избегнуваме самите ние да ставиме значење на Парламентот, онака како заслужува, согласно Уставот на Република Македонија.

Сметам дека овој амандман треба да се усвои, се со цел да се отстранат сите негативности кои што произлегуваат од било која влада за одлучувачката улога на рамномерен регионален развој во Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 10, воздржани нема, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2, за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, сега ви се обраќам вам, затоа што министерот ја заврши својата работа, кажа дека не го прифаќа амандманот, иако колегата Најдовски, она што го говореше беше со истата тенденција, барем вас да ве разубедиме да може Собранието да се вклучи и да учествува преку свои претставници во Советот за рамномерен регионален развој.

Меѓутоа, за жал, не можам да разберам кога пратениците сами наместо да сакаат да дадат придонес околу својата функција да го има она ниво кое што треба да го има, затоа што довербата ни ја дале граѓаните и според Уставот и припаѓа на Парламентот, тие самите одат против тоа и не сакаат да прифатат едно разумно логично решение за кое што говореше и мојот почитуван колега и сега јас ќе кажам што е суштината на овој амандман и по што е различен од амандманот на колегата Најдовски. Тој вели да биде вклучен во Советот еден претставник на Комисијата за финансирање и буџет, на Комисијата за економски прашања, на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопаснтво. Значи, тоа се тројца претставници и не знам што е проблем тие да бидат вклучени во Советот, ако навистина сите се залагаме до крај да не се максимилизира работата на ова Собрание. Јас плус предлагам тука да биде и по еден претставник од Комисијата за култура при Собранието на Република Македонија. Сега сакам да објаснам зошто и Комисијата за култура. Предлагам, затоа што знаеме дека со членот 6, каде што се уредуваат подрачја со специфични развојни потреби, имаме покрај другото, вели дека се подрачја со природни богатства и културно наследство, кои што се заштитени со закон. Добро ќе беше можеби во Советот да се размислеше, наместо министерот за култура, или покрај министерот за култура, да беше вклучен еден претставник од Управата за заштита на културното наследство, затоа што со новиот Закон, кој што веќе е на сила, мислам дека ќе претрпи одредени измени, наскоро барем така се слуша, се предвидува еден термин кој што е усогласен со одредбите, меѓународните акти на Европската заедница, а тоа е културен предел. Иако ние сметаме дека ова не е важно, меѓутоа, праксата покажа насекаде во Европа навистина, од особено значење е да имаат посебен третман специфичните подрачја со природни богатства и културно наследство, кои што се заштитени со Закон. За жал, кај нас сеуште тоа не е пракса, или недоволно се спроведува.

Бидејќи Собранието на Република Македонија е репрезент на сите граѓани на Република Македонија и затоа сметаме дека треба да биде претставувано во овој Совет, за да може навистина пратениците активно да учествуваат во сите овие области кои што овде беа спомнати.

Уште еднаш, сосема на крај, без разлика што голем дел од пратениците од парламентарното мнозинство не ме слушаат, јас би сакала да замолам ако може и координаторот на пратеничката група да ме слушне, а потоа да си го заврши разговорот, затоа што знаеме дека координаторите најчесто се тие кои што можат да влијаат на мислењето на останатите пратеници и очекувам подршка, затоа што реков овој амандман е во насока да не биде до крај маргинализирана улогата на Собранието во овој закон. Добро е уште еднаш, да не биде дека не сум конструктивна, да кажам дека добро е што министерот направи една отстапка во насока на Собранието и го прифати амандманот на член 10, каде што се овозможува Програмата да биде предложена од Владата, а донесена во Собранието, со што ќе можат пратениците да дебатираат по неа и да ги застапуваат интересите на граѓаните од подрачјата, односно од регионите од каде што доаѓаат.

Токму заради тоа, ние сме овде и не можеме да поминеме преку некои работи што ни се случуваат во регионот. Не може пратениците да не реагираат од Прилеп, за она што се случува во Тутунскиот комбинат да реагира ОБСЕ, а пратениците кои што доаѓаат од тој град бараме информација да се расправа за откупот на тутунот. За жал,од опозицијата не се прифаќа барањето. Пратениците од парламентарното мнозинство не покажуваат интерес да ја отворат таа тема, каде што тутунарите ги тепа полицијата, каде што дојде до интервенција од страна на ОБСЕ и сега кога бараме да имаме барем мала вклученост од 4 претставници на Собранието, не ни е јасно зошто пратениците од парламентарното мнозинство ќе го одбијат, до колку го одбијат овој амандман.

Значи, ќе завршам со тоа. Очекувам пратениците да не одат сами против себе, барем малку да почнеме да го враќаме дигнитетот на Собранието и функцијата пратеник и со овој закон, не велам дека само со ова ќе се врати, треба многу да се работи на тоа, но барем малку ќе се придонесе за оваа ситуација која што е со овој закон крајна маргинализација на Собранието. Не само со овој закон, но и со други закони да биде поправена. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Збор има господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Би сакал да укажам на госпоѓа Роза, најдобронамерно дека си го поплочува патот кон пеколот со овој амандман, знаејки како функционира власта во Република Македонија, особено во Парламентот. Ако овој амандман го прифати министерот, госпоѓата Каревска, односите према Меѓународната заедница и централната власт ќе ги влоши со 4/0 дополнително за власта. Затоа што власта како што функционира Парламентот, од комисиите за економски прашања, земјоделство, шумарство и водостопанство и култура, ќе одбере двајца од ВМРО-ДПМНЕ, еден од ДПА и еден од НСДП и ќе завршиме на 9-те министри, уште 4 нивни поддржатели во Парламентот.

Затоа мислам дека, знаејки како работи и функционира Парламентот, не треба да очекува многу демократија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван колега Поповски, јас мислев кога го предложив дека можеби овој пат поинаку ќе профункционира . Значи, ќе бидат застапени барем во некој соодност пратеници од парламентарното мнозинство и опозицијата, но јас да бидам искрена, се согласувам, дури и да биде така, ако не проработи совеста кај парламентарното мнозинство и она што всушност е дел од дијалогот ви сите парламенти, тогаш барем нека бидат 4 пратеници, па подобро е да имаме некој претставник од Собранието, отколку во целост да биде маргинализирано.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Господине Поповски ова беше контра реплика. Дали се јавувате вие за збор? Повелете имате збор.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Госпоѓа Кревска, не знам на што го базирате своето очекување од Парламентот, само да ве потсетам дека овој е единствениот Парламентот во Европа кој нема потпретседател од опозицијата. Во светот претпоставувам освен Куба и Северна Кореја, дека има уште еден два примера како нас. Во што се надевате дека тука парламентарното мнозинство ќе направи отстапка кон опозицијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, за гласаа 8, воздржани 2, против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3 и на новата алинеја 5, поднесен од пратениците Трајко Вељановски, Силвана Бонева, Оливер Дерковски, Панче Дамески и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе. Во членот 17, став 1, по алинеја 3, се додава нова алинеја 4, која гласи: “Го утврдува предлогот на поблиски критериуми и индикатори од член 7 став 2 и членот 31 став 3 од овој закон. Алинеите 4, 5, 6, 7, 8 и 9, стануваат алинеи 5, 6, 7, 8, 9 и 10.

Во новата алинеја 5, зборот “за” се заменува со зборот “на”.

Овој амандман се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на текстот на Законот.

Повелете господине Најдовски, процедурално.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, навистина да им биде јасно на пратениците, завчера се усвои еден амандман од истите овие рпедлагачи, како што се овде набоени Трајко Вељановски, Силвана Бонева, Оливер Дерковски, Панче Дамески и Катерина Димеска.

Тој амандман, јас укажав во дискусијата не е добар и дека се изгуби смислата на членот од законот. Ако го погледнете ова што се усвои сега, навистина не ми е јасно. Вториот став од член 7 вели дека поблиските критериуми и индикатори за утврдување на подрачјата со специфични потреби ги пропишува Владата. Сега усвоивме амандман, кој се поврза со тој член 7, каде што сега Советот ги утврдува предлогот на поблиски критериуми и индикатори.

Да не направиме повторно грешка во тој амандман што го усвоивме пред некој ден и за кој што јас предложив Владата да си предложи амандман, ако сакате законот кога ќе го објавите во Службен весник да е исправен. Ако не, вие ќе мора и уште сега ви укажувам, немој некој да се осуди, како што се направи за еден од законите, затоа велам процедурално, за еден од законите каде што Законодавно-правната комисија објави по нејзино наоѓање исправка на закон во Службен весник, спротивно на она што го донесовме во Собранието. Тоа е кршење на законот.

Сега, ве молам уште еднаш погледнете ги. Тој амандман што го усвоивте, што го прифати министерот од овие пратеници, не е согласно овој закон и немојте уште сега кажувамнекој да се осуди повторно во Службен весник да објави нешто спротивно што сме усвоиле во ова Собрание. Сакам да укажам дека и овој амандман не кореспондира еден со друг член. На членот 7 и овој кој што сега го усвоивме. Затоа да внимаваме во Собранието што правиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3 и на новата алинеја 5 поднесен од пратениците Трајко Вељановски, Силвана Бонева, Оливер Дерковски, Панче Дамески и Катерина Димеска.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за менување на став 5, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Ацо Киров, Борис Кондарко, Благородна Цветковска, Есад Рахиќ, Весна Бендевска, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави  господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Блгодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре, со овој амандман сакавме да дадеме поголем значење на малите општини, но јас нема да дискутирам воопшто околу овој амандман, бидејки како што гледам како одат работите, амандманите од позицијата се прифаќаат, а од опозицијата се одбиваат и затоа го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 19став 6, поднесен од пратениците Трајко Вељановски, Силвана Бонева, Оливер Дерковски, Панче Дамески и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе. Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и според тоа овој амандман станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20, став 1, алинеа 4, поднесен од пратениците Трајко Вељановски, Силвана Бонева, Оливер Деркоски, Панче Дамески и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам. Се работи за техничка исправка.

Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и според тоа тој станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за менување на став 3, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Ацо Киров, Благородна Цветковска, Влатко Серафимов, Никола Ќуркчиев, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Верица Филипова, Весна Бендевска, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска и Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Има збор Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Се откажувам од дискусија.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Ќуркчиев се откажува од дискусијата.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 9 , воздржано 1, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1 за бришење на алинеите 1 и 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Има збор Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Ќе бидам многу краток. Ќе се обидам уште еднаш да укажам на нешто што министерот веројатно не можел да види. Жалам што не ги потпишавме амандманите од страна на позицијата, па тогаш барем ќе се пофалевме. Да знае за друг пат. Меѓутоа, сега зборуваме за член 23 каде Бирото повторно почнува да врши работи кои што не се во негова надлежност. Имено, како што е се измешано, тргнувајќи од 21, 22, па еве стигнавме и на 23-от член, работата останува исто. Амандманот едноставно се предлага од причини што и во овој член повторно се заборава дека планирањето како процес мора и треба да обединува стручност, а стручност се разбира дека многу повеќе ќе има онаму каде што има искуство, каде што има знаење, каде што има традиција, каде што има утврдена методологија, каде што

има историја на крајот на краиштата во Република Македонија во делот на планирањето. Меѓутоа, Бирото кое што сите знаеме како функционираше досега и може да претпоставиме како ќе функционира во иднина, се овозможува да ја разработува и изработува Предлог методологијата за изработка на плански документи што е министре, ќе простите, меѓутоа нонсенс. Како може некој човек во Бирото да укажува на стручните луѓе, на Агенцијата за планирање на просторот како тоа се прави. Па тој ќе се застрами. Таков нема да најдете да вработите таму, едноставно кажано. Подготвувањето на аналитичко планската, или документациската основа за изготвување на оперативните плански документи се толку многу измешани овде што навистина многу ќе помогне овој амандман ако биде прифатен. Ќе видите понатаму и во членот земете ги последните две алинеи во овој ист член каде што велите дека Бирото ќе се грижи за одржување на информацискиот систем за регионалниот развој.

Ве молам, во соработка со Државниот завод за статистика, ниту едното, ниту другото немаат логика, меѓутоа ќе го голтнеме и ова: врши и други работи од регионалниот развој и утврдени со закон. Кој закон? Господ знае. Но, како и да е овој закон се надевам дека многу брзо повторно ќе биде на дневен ред во Собранието на Република Македонија, па веројатно тогаш ќе може да дискутираме за овие нешта за кои што денес се нема слух.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата во моментот на гласањето.

Гласањето ќе го повториме, бидејќи немавме доволен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои не се во салата да се вратат во салата, да си ги завземат своите места, затоа што треба повторно да гласаме.

Во ред е, сега имаме доволен број на пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека гласањето е валидно.

Гласале 56 пратеника, за гласале 3, воздржани нема, против гласале 53 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот на член 26 став 1 за додавање нова алинеа 5 по алинеата 4, поднесен од пратениците Трајко Вељаноски, Силвана Бонева, Оливер Деркоски, Панче Дамески и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и според тоа овој амандман станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 2, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев, Цветанка Иванова, Весна Бендевска, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓеоргиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамичиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе,

Има серија амандмани, неколку амандмани каде што се предлага од она што е предвидено со законот минимум 1% од Бруто домашнот производ да се оделува за рамномерен регионален развој, значи од Буџетот на Република Македонија. Со тие амандмани е предвидено да се оделуваат 1,5%, 2%, 3% итн. Мислам дека треба да бидеме реални, можностите се тие. И јас ќе бидам задоволен ако го прифатат ова објаснување претставниците на опозицијата. Значи, и ние би сакале да биде тој процент поголем, меѓутоа во овој момент тоа не е можно. Затоа предлагаме доста ни е ова решение, значи 1% од Бруто домашниот производ да се одделува за рамномерен регионален развој, значи минимум 1%. Сакам да им потенцирам на пратениците дека вака е дефинирано и во Законот за рамномерен регионален развој во Република Словенија.

**Љубиша Георгиевски:** Значи Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јавува господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Јас имам, да речеме процедурално. Со оглед дека следуваат три, четири амандмани со различна вредност, а се однесуваат на истиот член. Би било добро министерот да даде decidno образложение што во законот не постои во овој момент. Во врска со членот 27 каде што вели, за рамномерен регионален развој ќе се одвојуваат годишно средства во висина од најмалку 1% од Бруто домашниот производ. Што овие средства подразбираат? Дали законот воведува нови средства, односно средства кои сега се во категоријата на Бирото за развој на стопански недоволно развиените подрачја кои треба да достигнат до 1% со Законот, или овој 1% значи кумулативна стапка на сите видови трошоци што од Буџетот можат да се третираат евентуално во стратегијата како побрз развој. Да бидам пластичен. Ако во регионите кои ќе ги третира

законот за побрз и за рамномерен развој Фондот за патишта гради патишта во постојните програми, дали тоа министерот односно Владата ќе ни го прикаже како кумулативно и ќе рече, еве го 1% каде е, водоводи, канализации, патишта, итн, училишта, здравствени домови кои ги опфати овде законот со терминот инфраструктура, дури и социјална инфраструктура, или тоа се 1% средства кои ќе бидат лоцирани во институцијата која ќе го води рамномерниот регионален развој, или во Министерството за локална самоуправа, сеедно. Затоа што многу е различно ова што го зборувам од еден, или од друг агол. Мислам дека ако Владата мисли дека се тоа дополнителни нови средства, а не зафаќање од постојните програми и по мое видување вештачко прикажување дека е 1%, е една ситуација. Ако е ситуацијата која произлегува вештачко прибирање на нив, тогаш јасно е дека овој процент ќе остане како и во претходниот закон, 1% стоеше, а се одвојуваше 0,1, 0,2 итн. Значи, би барал навистина образложение за да знаеме што усвојуваме денес.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Вака сега почитуван министре. Значи досега цело време ние разговараме за закон за рамномерен регионален развој на локалната самоуправа на општините. Ние цело време поднесуваме амандмани кои вие ги одбивате, со кои реагираме дека Владата си придодава огромни, преголеми, нереални ингеренции со овој закон во сферата на локалната самоуправа и креирањето на рамномерниот регионален развој. Меѓутоа, почитуван министре како вие замислувате да го поттикнувате регионалниот развој, економски да ги развивате општините без пари. Значи, овде предвудувате во законот 1% од Бруто општествениот производ. Ние предлагаме тој процент да се зголеми. Имаме неколку различни амандмани. Во секој случај да биде поголем од 1%. Вашето образложение е дека можностите се тие. Јас би рекол доколку би можеле вие радо и би го скратиле овој 1% уште помалку да се одвојува по можност за општините за да некој не и ги зеде парите на Владата, да си ги троши како што сака за разно разни кампањи, за разно разни донации во државни претпријатија итн. Значи почитуван министре џабе правиме муабет за ингеренциите на Владата, џабе ние бараме да се намалат ингеренциите на Владата со амандманиве, џабе вие ја браните Владата и на Владата и ги придодавате ингеренциите Владата да доминира и да одлучува за регионалнот развој.

Ве молам, навистина еднаш престанете да правите муабет додека зборуваат пратениците од опозицијата. Навистина не е фер. Ако не, да ве почекаме да завршите со консултации.

Значи, зошто и се на Владата сите овие ингеренции во овој закон и што Владата ќе спроведе со овој закон без пари, кога не давате пари. Не може вие да креирате развој, па уште и рамномерен на општините со 1%. Како за се друго Владата може да најде пари, за регионалниот развој за општините не може да најде доволно пари, доволно средства. Тоа уште еднаш покажува дека вие со овој закон правите некоја реформа на хартија со која покажувате дека се грижите за општините, за нивниот развој, за економските прилики таму, дека наводно правите децентрализација, а всушност ќе нема со што да го спроведете овој закон кога не издвојувате доволно средства. Само да ве потсетам, пред неколку месеци овде во Собранието имаше еден предлог за измени и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа со кој опозицијата бараше зголемување во интерес на општините и на локалната самоуправа на издвојувањата овој пат не од општествениот производ, туку од ДДВ-то и тоа од 3 на 4,5%. Вие тоа исто така глатко го одбивте. И ако ги анализирате во след овие ваши постапки, вашата владина финансиска политика во однос на локалната самоуправа, многу е јасен заклучокот и многу е јасна позадината. Вие немате намера воопшто да го подобрите стандардот, економијата, развојот во локалната самоуправа. Вие овој закон мавтате дека правите некои реформи со знаменцето на Европската унија, дека е некој приоритет, меѓутоа овој закон ќе остане празна хартија која нема да може да се реализира. И затоа ви реков, џабе и ги додавате овие грчевито ингеренции на Владата, џабе сакате да ја запоседнете и локалната самоуправа да ја централизирате, кога и тоа што го имате ќе не можете да го спроведете со 1% од општествениот производ наменет за општините. Затоа, мислам дека ова е еден од клучните амандмани. Имате на располагање неколку различни амандмани со 1,5, 2, 2,5, видете кој ви е најприфатлив, во спротивно изговорот не ви држи дека толку ви се можностите. По вас, реков уште еднаш, радо би прифатиле амандман за намалување на овој процент 1%, за да има повеќе пари Владата самата да си ги троши за себе.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, после би рекол процедуралната забелешка на колегата Никола Поповски, а упорното молчење на министерот јасна е работава и за овој член. Бидејќи не одговори на поставените прашања треба да ни биде јасно што всушност се регулира во член 27 и зошто пратениците не случајно предложиле процентот на средства кои што ќе се издвојуваат за поттикнување на рамномерниот регионален развој во Република Македонија варира од 1 до 3%. Навистина мислам дека е добро министерот да каже колку мисли да биде тоа за да не се трудиме да објаснуваме.

Ако се знае дека во овој момент Бирото за неразвиени подрачја во Република Македонија го има истиот процент и сега од 1% или, како што велите точно во формулацијата “од најмалку 1%”, можеби досега се издвојувале помалку средства таму, останува нејасно како може со исти

средства да се формираат сите овие институции што вие ги набројавте и се дадени во законот, како ќе се направат 8 регионални центри, како ќе се вработи нова администрација, како ќе се набави опрема, згради, возила итн, итн, за овие плански регионални заедници ако останеме со истиот процент?

Но, бидејќи е се наопаку, велам, погледнете го ставот 4 на овој 4 каде што велите дека извори на финансирање во регионалниот развој во ставот 4 "користење на средства дури и од фондовите на Европската унија не може да биде директно" само со општините и релација Европска комисија. Тоа ќе се цензурира, нормално од страна на Владата. Треба ли повеќе да кажувам дали е тоа можно овде, вели "користењето на средства од фондовите на Европската унија се уредува со акт на Владата на Република Македонија". Па, дали е можно.

Значи, сите работи, почитуван министре, тргнувајќи од изворите на финансирањето, Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, фондовите на Европската унија, други меѓународни извори, донации, спонзорства од физички и правни лица, други средства утврдени со закон итн, значи, ако се тие алинеја 4, целиот член како и другите членови од законот, навистина не ја затвораат, туку отвораат дилеми и во овој дел на развојот што го имаат сега општините.

До сега, општините можеа да конкурираат во меѓународните фондови и во ФАРЕ Програмата, до сега и во Интерект, доколку има и работеа на случајот за прекугранична соработка, се разбира кај соседите, со учество од 20%, 25% итн, и на тој начин ги добивавме позитивните оценки и охрабрувањата од страна на Европската комисија за сите проекти што досега беа одобрени. Но, сега гледаме дека и за користење средства од фондовите на Европската унија не може туку така општините да ги користат. Ќе мора да ги користат и да се уредуваат само со акт на Владата на Република Македонија. За процентот од 1% од БДП, ниту станува збор, ниту ќе стане збор.

Од тие причини, ако има можност кажете кој процент, затоа што нема логика да остане на истиот процент, особено сега кога во наредната година, две или три ќе се прават овие регионални центри и ќе има енормни административни режиски трошоци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Дозволете ми најнапред да констатирам дека овој дел од членот, овој став е прилично непрецизен. Заради тоа што се вели дека за поттикнување на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Македонија се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од БДП. Најмалку 1%.

Тоа што ние се обидуваме со амандманот да направиме е да ја смениме долната граница. Меѓутоа, останува нејасно кој и врз основа на кои критериуми ќе ја определува реалната висина на средства што ќе се издвојуваат од Буџетот на Република Македонија. Се понатаму што е во релација со средствата за поттикнување на рамномерниот регионален развој, за жал, е останато да го уредува со акт Владата на Република Македонија, без јасни критериуми. Ние ќе се доведеме во ситуација, иста, дури можеби и полоша, како што сме сега, пред почетокот на втората фаза од фискалната децентрализација, да слушаме поплаки од градоначалниците дека немаат никаков увид во тоа како таа се води и што всушност значи, заради, ќе цитирам една изјава на градоначалникот Трифун Костовски "Тајните односи и нетранспарентноста на централната власт".

Ние сме на добар чекор, доколку не направиме нешто и не измениме и во понатамошните членови, во членовите 29 и 30 од овој закон, да се доведеме во ситуација да ја направиме и оваа Влада да ја направи истата грешка како пред почетокот на втората фаза од фискалната децентрализација.

Јас бев убедена дека нема политички субјект на кој што не му е јасно дека нема вистинска децентрализација и дека нема вистински рамномерен регионален развој без реални финансиски средства што можат да бидат со инпулс за развој на општините.

Заради тоа сметам дека долната граница на средства што се одделуваат од Буџетот треба да биде поголема за да може да биде поттик и колку-толку за рамномерниот регионален развој и за развој на општините. Затоа сметам, имајќи предвид дека ова е еден од амандманите со што се обидуваме да ја зголемиме долната граница, имајќи предвид дека ова е најниската граница што ние ја предлагаме да се зголеми, бидејќи наредните се 2% и 3%, сметам дека парламентарното мнозинство треба да го прифати овој амандман заради тоа што станува збор за зголемување од половина процент, за разлика од предлогот. Меѓутоа, тоа ќе биде многу повеќе и ќе значи многу повеќе за рамномерниот регионален развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Од молкот на господинот министер мене ми станува сега совршено јасно дека овој закон е една голема измама, затоа што овие 1% овде се ставени да не се реализираат. Видете го членот 28, што во него се содржи, што го определува едниот процент - капитални влогови, неповратни грантови, финансирање на капацитети за развој. И, особено став 2 - осигурување на кредити, даночни олеснувања, субвенции.

Па, субвенциите во Република Македонија во земјоделието се само 0,4% од БДП. Ако ги подведете под ова горново, 1% тие субвенции вие можете да извадите не 1% туку 5% во секое време со било кој буџет.

Сега ми станува јасно дека Владата дефакто нема да издвојува 1% од БДП, со оглед дека поинакво солкување не слушнавме, туку дека ќе ги прикаже табеларно од сите раздели во Буџетот средствата за разни намени и ќе ги подведе под рамномерниот регионален развој. Тие сите, од членот 28 ако ги соберете, сега се значително повеќе од 1%.

Времето нема да биде многу долго, буџетскиот процес за 2008 година е започнат, согласно Законот за буџет. На седница на Влада треба да дојде некаде во август. Буџетските корисници веќе го прават. Јас сега јавно прашувам дали господинот министер доставил буџетски формулар за 2008 година до Министерството за финансии со барање за 3,5 милијарди денари за Министерството за локална самоуправа за регионален развој, колку што изнесува тој 1%.

Нека си провери, да видиме. А, кога ќе дојде Буџетот, ќе го потсетиме на таа обврска. Меѓутоа, од молкот, мислам дека ќе почне да ни ги извлекува патиштата, водоводите, субвенции во земјоделието итн, за да дојде до 1%.

Ако не се случи тоа, а се сомневам во овој момент многу сериозно, мислам дека законот уште не роден, веќе можеме да го прогласиме за мртов. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе,

Ќе се обидам да бидам прилично кракот, со оглед на тоа што имам поднесено амандман.

Овој амндман што колегите пратеници го предлагаат од 1% на 1,5% да се зголеми, најмалку да се издвојуваат средства во висина од 1,5% од БДП, што јас сметам дека и тоа е премногу малку, затоа предложив амандман да е најмалку во висина од 3%. Но, кога ќе дојде тој амандман.

Сега се јавив за дискусија да го кажам следново, кога ја разгледувавме првата верзија, Предлогот за донесување на закон за рамномерниот регионален развој на Комисијата за економија, пратениците и од позицијата и од опозицијата бевме во едно согласни, дека онаа народната “колку пари толку музика” извршувањето на овој закон ќе зависи исклучиво од финансирањето на регионалниот развој, односно од изворите за финансирање и начината за распределба на финансиските средства. Се друго што е во овој закон паѓа во вода, ако остане ова законско решение што е овде дадено.

Навистина, добро е од страна на Владата, од страна на министерот да ни се објасни нам пратениците, што навистина ќе влезе во овие најмалку 1% од БДП.

За да бидеме појасни, членот 27 вели: “Извори на финансирање на регионалниот развој се: Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, фондовите на Европската унија, други меѓународни извори, донации, спонзорства од физички и правни лица и други средства утврдени со закон”.

Вака како што се дадени изворите за финансирање на рамномерниот регионален развој, сега погледнато, за 2006 година, содржат многу повеќе средства отколку што сега се предлага. Иако се вели најмалку од 1%, што не значи дека не може да биде 2%, 3%, 4%, 5%. Но, овие извори на средства сега се многу поголеми. Мислам дека треба да се направи јасна дисктинција кои средства нема да влегуваат во овие најмалку 1% од БДП за да можеме да видиме дали навистина се предвидува нешто да се финансира со овој закон или овој закон го носиме само заради тоа да им кажеме на Европската унија ние донесовме закон за рамномерен регионален развој. Не постигнуваме ништо со тоа што ќе кажеме дека ќе имаме една цртичка повеќе, во бројот на закони што сме ги донеле од обврските кон Европската унија, ако не постигнеме нешто фактички, квалитетен напредок во Република Македонија.

1% од БДП е околу три милијарди денари. Меѓутоа, сега голем број на програми што се за поттикнување на одредени области во Буџетот изнесуваат многу повеќе од три милијарди денари. Ако тие средства се предвидени сега да се префрлат во овој закон, со овој закон, тогаш не сме направиле ништо.

Затоа мислам дека е добро прво да се каже на пратениците, да се каже на јавноста што влекува во овие “најмалку 1%”. Дали во овие влегува јавната општинска потрошувачка? Ако влегува, тогаш тоа не е тоа. Тогаш да разговараме кои се средствата издвоени за јавната локална потрошувачка или јавната општинска потрошувачка? Кои се средствата што треба да бидат за финансирање на одделни програми предвидени со одредени закони, бидејќи овде велите “други средства утврдени со закон”. Програмите за финансирање на одредени делови се утврдени со закон. Ако и тие влегуваат во овие средства, тогаш значително се намалуваат.

Мислам дека ставот вака како што е даден е крајно нејасен, крајно недефиниран. Треба на почеток тоа да го разјасниме. Дури на Комисијата за економија имаше предлози, од почитуваниот претседател на Комисијата, господинот Љубисав Иванов Ѕинго да се формира посебен фонд и да се знае дека тој фонд ќе биде за финансирање на рамномерниот регионален развој.

Инаку, вака, сега едноставно ќе ви кажам, оваа година се дадоа 10 милиони евра за салата во Скопје, 2 милиони евра за истражување на Калето, не знам колку милиони за офицерски дом во Скопје, не знам колку милиони ќе се гради театар во Скопје, не знам колку милиони уште еден театар за националностите, што сите овие работи се потребни. Е сега, тоа ќе го рачувате за рамномерен регионален развој и дека ќе се развиваат Битола и Струмица? Не, бре, луѓе. Така

не може. Затоа треба точно да кажеме што се предвидува, што се опфаќа со овие средства.

Јас ќе зборувам, подоцна имам амандман, каде предвидувате 50% од проектите за селата каде има градови, да бидат обезбедени од буџетите на тие општини. Немојте да се занесуваме. Тогаш не ќе може да има ниту еден проект во селата каде има градови, затоа што ниту една единица на локална самоуправа, ниту една општина нема во своите рамки толкави средства да финансира 50% од проектот што ќе биде за некое село.

Ќе завршам со тоа дека мислам е добро, Владата, министерот да објасни навистина што во овие средства ќе влегува, за понатаму да можеме да дискутираме. Инаку, вака како што е даден, ова е полошо решение од досегашните решенија во Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Госпоѓа Грковска Славица, по втор пат бара збор.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе,

Јас немам обичај два пати да се јавам, меѓутоа се надевам дека министерот ќе сфати дека навистина има потреба од негово дообјаснување од овој дел на законот.

Членот 27 ставот 2, за што ние имаме амандман, вели дека “За поттикнување на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од БДП”. Во членот 29 од истиот закон во Главата - Распределба на средства за рамномерен регионален развој, се вели дека средствата од член 27 став 2, тоа значи овој член и овој став за што дискутираме сега, за поттикнување на рамномерниот регионален развој ги распределува Владата на Република Македонија.

Тоа е во ред, меѓутоа не се кажува како, врз основа на кои критериуми ќе се определи колкав ќе биде процентот? На кој начин Владата ќе го прави тоа? Дали, врз основа на кои критериуми Владата ќе се раководи да го определи процентот што ќе се издвојува од БДП? Ние тоа во овој закон го немаме. Не можеме да го видиме. Ниту пак се кажува како Владата ќе го одлучи тоа? Дали ќе биде со акт на Владата, дали ќе биде одлука? Кои ќе бидат критериумите врз основа на кои Владата ќе се води да го определи процентот за поттикнување на рамномерниот регионален развој, што ќе се издвојува од БДП?

Во членот 29 став 2 се вели, се укажува на кој начин Владата ќе ги распределува овие средства. Значи, Владата ќе го диктира темпото, начинот, висината на средствата за одредени проекти, наместо тоа да биде препуштено на регионите да одлучуваат сами, врз основа на нивните проценки што е најдобро за нивниот рамномерен регионален развој или за рамномерен развој во тој регион.

Навистина апелирам министерот да објасни, да биде јасно, не само за пратениците, туку и за јавноста. Се надевам дека од ова што го прочитав министерот може да сфати дека навистина има непрецизности.

Ние не можеме да видиме како ќе се одреди висината на средствата кои ќе се одвојуваат од бруто домашниот производ, врз основа на што Владата ќе се раководи. Тука не вели дека ќе има одреден акт кој можеби ќе го донесе некојд руг, Советот за рамномерен регионален развој, па Владата треба да одлучи, механизам кој ќе функционира. Имаме само штура информација дека средствата од овој член ќе ги распределува Владата и толку. Тоа на нас не може да ни биде доволно. Ние интервениравме и во текот на расправата дека целиот закон преголеми ингеренции дава на Владата, дури и ингеренции што природно му припаѓаат на Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, во оваа ситуација, уште повеќе, наместо да ја децентрализираме одговорноста и самите региони и општини да одлучуваат како ќе ги распределуваат средствата, ние се наоѓаме во ситуација не само Владата да одредува колкава ќе биде висината од бруто домашниот производ што ќе биде определувана или одделувана за рамномерен регионален развој, туку уште повеќе и Владата да ги распределува. Навистина мислам дека министерот должи објаснување заради тоа што тој е претставник на Владата и нема кој друг да ги разреши нашите дилеми. Нека одговори министерот, од неговиот одговор можеби ќе сфатиме дека амандманот е непотребен, па може и ќе го повлечеме. Меѓутоа, сметам дека неговото молчење може да се толкува на различни начини и за да не дозволи слободно толкување на неговото молчење, сметам дека треба да се произнесе и да објасни и да ги разреши нашите дилеми. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине министер за локална самоуправа, господинот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам да одговорам на неколку конфузни прашања кои беа поставени до мене во врска со законот.

Мислам дека е сосема јасно дека во повеќе членови се определени начините како ќе се доделуваат тие средства на регионите односно индиректно на општините. Беше поставено прашање, врз основа на кој критериум Владата ќе одлучува дали 1% или повеќе од 1% ќе бидат одделувани за рамномерниот регионален развој. Врз основа на можностите. Ако во овој момент од Буџетотр може да се издвои 1%, ќе има 1%, ако по две години има можност да се оддели 1,5%, 2% или 3%, ќе се оддели 1,5%, 2% или 3%. Мислам дека пропуштивме многу време во Република Македонија за да создадеме еден многу посилен буџет.

Што се однесува до тоа, Владата ги распределува средствата, Владата е одговорна за Буџетот во Република Македонија. Тоа е прв.

Второ, како ќе одлучуваат и врз основа на кои критериуми ќе се префрлуваат тие средства до

планските региони, односно општините-врз основа на програмите кои сами ќе ги изготват регионите во Република Македонија, врз основа на тие програми со 2/3 мнозинство во Советот на планскиот регион ќе се одлучува со кои проекти ќе се аплицира до Владата. Врз основа на мислењето на единиците на локалната самоуправа, преку советите на планскиот регион Владата ќе одлучува. Врз основа на тие индикатори, Владата ќе одлучува како да ги распредели средствата до регионите, значи онака како ќе посакаат планските региони преку советите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓица Славица Грковска, претпоставувам реплика, повелете три минути.

**Славица Грковска:** Почитуван министер, не се конфузни прашањата, конфузни се решенијата што ги имате предложено во законот и нормално е дека ќе предизвикуваат дилеми. Ако вие не убедувате дека Владата ќе одлучува, за мене нема дилема, Владата ќе одлучува за се што треба други институции да одлучуваат по овој закон, се сте префрлиле во ингеренции на Владата.

А за вас, ако е доволен критериум врз основа на можностите Владата да одлучува и да одредува средства, јас ќе ве прашам кој ќе одреди какви се можностите. И така ќе навлеземе во еден маѓепсан круг на прашања и одговори, заради тоа што вие немате јасна концепција како ќе функционира овој закон. Не е работата само да донесеме закон, туку да донесеме закон кој ќе биде функционален и кој ќе може да се применува. Ваков каков што е предложен овој закон нема да може да функцинира, ниту пак некој ќе има бенефит од овој закон, ниту ќе можеме да зборуваме за добар закон кој што ќе обезбеди рамномерен регионален развој онаков каков што сите би сакале во Република Македонија. Значи единствено што стана јасно од одговорот на министерот е дека немаме критериуми и дека Владата ќе одлучува по сопствена проценка за се што се однесува на рамномерниот регионален развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Министерот има контра реплика. Повелете господине минситер.

**Зоран Коњановски:** Благодарам.

Не за се почитувана пратеничке, туку за тоа колку средства од Буџетот ќе се определуваат за рамномерен регионален развој и за ова јасно и прецизно пишува дека тоа ќе биде минимум 1% од бруто домашниот производ.

Не знам зошто се плашите Владата да одлучува за тоа како ќе ги оценува и како ќе се префрлуваат средствата до регионите-врз основа на мислењето од самите региони. Јас знам зошто е кај вас стравот, меѓутоа, дозволете дека има влади кои и малку поинаку знаат да работат. Јас знам како се префрлаа тие средства до сега, меѓутоа дозволете дека има некои што поинаку размислуваат, дека знаат да направат критериуми, евалуација и да го цени мислењето и програмите на регионите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Ова прашање, овој член од законот и овој поднесен амандман се можеби еден од најбитните, бидејќи се работи за висината на средствата кои ќе се одделат за рамномерниот регионален развој во Република Македонија.

Јас се јавив за збор затоа што министерот во своето излагање до сега, иако се обиде да дефокусира дел од нашите дискусии во друга насока, не дека прашањата се конфузни, мислам дека одговорите се уште поконфузни и дека министерот се труди да прави паралели во однос на некои претходни влади, притоа некажувајќи јасно како, по кои критериуми ќе се распределуваат средствата и најважното прашање, не одговори дали овие 1% се нови финансиски средства во Буџетот кои ќе бидат определени стриктно за рамномерен регионален развој. Значи дали за Буџетот за наредната година, во 2008 година, ќе има претпоставувам во ставката Биро за развој на планските региони три милијарди денари, кои ќе бидат предвидени за рамномерен регионален развој и ќе нема мешање на други програми по кои Владата доделува средства на општините или на посебните региони во Република Македонија. Тоа е најбитната работа сега, за да знаеме дали оваа Влада навистина има можности или планира доволно финансиски нови средства за да може да ги вложи во рамномерниот регионален развој. Дали во оваа ставка ќе си останат посебно програмите кои се однесуваат за изградба на водоводи, канализации, за распределба на делот од Фондот за магистрални и регионални патишта кои се трансферираат на единиците на локалната самоуправа по одредени критериуми. Тоа е најважното прашање. Значи дали ќе биде нова ставка во Буџетот три милијарди денари кои ќе бидат стриктно определени за рамномерен регионален развој и општините е можат со нови проекти по тој основ да конкурираат за овие средства. А тоа дека се распределувале по други основи или претходната Влада - господине министер, и вашата Влада не одолеа на притисокот средствата да ги распределува по партиска линија, политички. Ја имаме распределбата на средствата за водовод и канализација, видете во “Службениот весник”, ќе видите каде се распределени - најголем дел каде што се вашите градоначалници и таму меѓу 10 ќе има една општина каде што градоначалникот не е ваш колку да имате оправдување дека стредствата и не ги распределувате по политички или партиски критериуми, туку вие сте правеле голема евалуација на проектите па правилно сте ги распределувале средствата. Мислам дека

сомневањата на опозицијата се оправдани и вие сте далеку од Влада што може да размислува непартиски, неполитички да ги распределува средствата по било кој основ од Буџетот.

Затоа, ве молам ако може одговорете отворено на овие прашања, дали се нови зредства, критериумите дали соодветно ќе се почитуваат и нема да се мешаат средствата во Буџетот, а околу политичката распределба имаме време уште три години. Првата задача или на првото искушение не одолеавте, ги распределивте средствата по политички и партиски критериуми, а ќе видиме и натаму како ќе ги распределувате. Не држи таа аргументација дека вашата Влада не ги распределува политички средствата. Далеку сте и мислам дека нема да успеете да се одвоите од политичките критериуми и партиските критериуми за распределба на овие средства. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Никола Поповски по втор пат, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Првпат се јавувам за збор за овој амандман, претходното беше процедурално.

Малку сум зачуден од степенот на, да кажам, ароганцијата на господинот министер со која се обраќа пред Парламентот и мислам дека тоа заслужува малку да се подискутира.

Господине министер, вие не одговарате на клучните прашања што овде се поставуваат, а тоа е да дадете образложение што значи 1% од бруто домашниот производ и по кои критериуми ќе се распределуваат не во смисла кој ќе ги распределува, вие распределете ги со Буџетот, не е никаков проблем, туку што е критериумот на 1%. Вие упорно, дури имам впечаток дека или сакате да го изманипулирате Парламентот за да не го дадете одговорот, или, што исто така начинот на кој вие се ораќате кон опозицијата ми дозволува јас така кон вас да се обратам, или не разбирате што е прашањето и едноставно не сакате да влезете на терен што не го познавате, да дадете одговор.

Ние ве прашуваме едноставн, дали се ова средства кои ќе бидат одделени за рамномерен развој во Буџетот во посебна ставка или во посебен раздел, или ќе бидат сумарни средства што вие по сите основи тука ќе ни ги презентирате, а кои апсолутно не се во духот на тоа што овде се бара. Вие тој одговор го избегнувате, а давате одговори таму каде што никој не ве прашува, дека сте знаеле поинаку да работите и не знам што. Што вие сте знаеле ние ќе оценуваме до 5 јули, врз база на вербална изјава. Од 5 јули наваму ве оценуваме што сте направиле, а што сте направиле во сферата на тоа што вие на госпоѓата Грковска сакавте да и образложите е објавено во "Службен весник". За изградба на средни училишта - партиска распределба на средствата од програмата на Буџетот, за изградба на основни училишта - партиска распределба на средствата од Буџњетот, за изградба на водоводи - партиска распределба од средствата на Буџетот за изградба на канализација - партиска распределба на средствата од Буџетот. Ја чекам со срце да ја видам програмата на Фондот за патишта која Владата треба да ја усвои, но до сега не ја видов во "Службен весник", евентуално ако сум пропуштил тоа да го направам и исто така сум уверен дека средствата ќе ви бидат насочени по партиска линија. И вие како министер за локална самоуправа, сега и за регионален развј сте последниот што имате моќ да кажувате за претходната Влада затоа што вие стоите на чело на ресорот кој најмногу партизира во својата надлежност. Вие средствата ги делите буквално по критериуми кои се политичко партиски и сега со овие средства од 1%, наместо да ги дадете одговорите што ви се бараат, вие ги давате одговорите што не ви се бараат и каде што уште не сте во право. На пример, господинот Слободан Најдовски ви постави едно круцијално прашање: каде одат инвестициите во Република Македонија со Буџетот за 2007 година, во насока на полицентричен развој, во насока на порамномерен развој или во насока на уште поцентрализиран развој на пример кон Скопје. Вие на тоа не давате одговор и ако овој 1% продолжиме така да го трошиме, ако овие средства продолжите така да ги насочувате, вие од законот со име за рамномерен регионален развој ќе направите закон за нерамномерен регионален развој и на крајот на краиштата ќе нема ни средства. Еве, сега на пример јас ве повикувам да се обратите до Министерството за финансии, да го оставите буџетскиот циркулар од Министерството за локална самоуправа што е надлежно за регионален развој. Тој согласно Законот за буџети до сега треба да е доставен до Министерството за финансии и претпоставувам дка не е таен документ. Ајде да го видиме буџетскиот циркулар од вашиот ресор, дали сте побарале средства во висина од 1% за рамномерен регионален развој. Законот ќе стапи на сила од 1.01.2008 година, но вие се некако тоа го избегнувате како одговор, полни сте со некаква ароганција, со некаква ситна навреда кон изминатите години и тн., меѓутоа, не ги давате клучните одговори. И на крајот на кариштата, ви станувате еден од факторите кој не овозможува конструктивна дебата во Парламентот. Ако сакате да имате конструктивна дебата, треба да ги образложите елементарните односи кои се воспоставуваат со овој закон: кои се тие средства, каде ќе се издвојат. Тоа како одговор не ни го дисперзирате, според тоа ја правите и самата расправа некомпетентна во Парламентот од ваша страна, едноставно нема соочување на аргументи, нема решение. И господинот Иванов го слушав во општиот претрес претходниот пат по истата оваа проблематика, разговараше за некои ситуации, и на тоа нема одговор и слушајќи ве како вие резонирате, на секое прашање што сакате да одговорите со крајна политизација на односите во Парламентот, јас искрено не верувам дека вие на чело на тој ресор ќе овозможите регионален рамномерен развој во Република Македонија. Дури почнува да ми станува онаа

ваша изјава симпатична дека ако треба да влезе ПДП на вашето место, тоа ќе го направите доброволно, ќе го отстапите ресорот, мислам дека ќе постигнете многу за Република Македонија со таквиот чекор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Без разлика на реакциите од парламентарното мнозинство на било која дискусија, јас верувам дека сите ние членовите на овој Парламент знаеме дека целта е една, врз основа на реални објективни критериуми да ги согледаме и усогласиме односите на начин кој што ќе овозможи подобро организирање на животот на граѓаните во локалните заедници.

Имено, почитуван министер, кога зборувавме за процентот во делот на поттикнувањето на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Македонија, логично и нормално еден од критериумите за оценување на овој дел од Законот ќе биде и задолжителниот миниторинг на финансиските процедури, кои апсолутно можеле да бидат поинаку регулирани и се разбира, доаѓам до она најважното што барам да ми се одговори - само две работи министре и завршувам за помалку од 30 секунди. Имено, дали има дефинирано минимум средства во Фондот за регионален развој односно во Бирото, дали се знае, ако досега Бирото има 1% од бруто домашниот производ за поттикнување на регионалниот развој во Републикас Македонија, колкави средства сега ќе бидат, бидејќи следејќи ги директивите на Европската комисија, тоа морало да биде, колкав процент ќе биде тоа или колкави средства се тие. Од друга страна, се надевам подоцна ќе зборуваме и за задолжителниот мониторинг кој што е изоставен во овој дел и кој дополнително во следната фаза на измени и дополнувања на овој закон веројатно ќе бидат регулирани како што треба. Затоа, во право се сите оние колеги кои логично и нормално бараат овој процент да се зголеми. Ако до сега бил 1%, а сите знаеме колкав е тој процент и колкави средства, со право сите прашуваат дали тука ќе влезат и средствата од БУџетите на единиците на локалната самоуправа, па и фондовите на Европската унија и други меѓународни извори, така што логично е да ги дефинираме работотите до крај за кои сите се согласуваме дека не се до крај прецизирани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот министер за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Цело време зборуваме за дефинирање на некои работи кои божем не се дефинирани со законот, меѓутоа, сите тие работи за кои зборувавте господине Ќуркчиев се точно и прецизно дефинирани во законот.

Поставивте едно прашање колку минимум средства ќе има во Бирото за рамномерен регионален развој, кога до сега во таквото Биро имаше 1%. До сега немаше биро за рамномерен регионален развој, имаше Биро за стопаски недоволно развиени подрачја и во Буџетот на тоа Биро требаше со закон да има 1%, меѓутоа, за жал, во овие 15 години се одделуваше пет или десет пати помалку и токму затоа, еден од факторите зошто имаме ваква неразвиеност во Република Македонија е токму тоа. Затоа треба многу прецизно со законот да се каже дека е минимум 1% од Буџетот на Република Македонија, 1% ќе се одвојува за рамномерен регионален развој. Точно се дадени критериуми кој може да аплицира, на кој начин се доделуваат овие средства, кој врши евалуација и тн. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Претпоставувам реплика. Господин Никола Ќуркчиев има реплика три минути. Вашите три минути, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер, воопшто не спомнав дека до сега имало Биро за рамномерен регионален развој, туку Биро за недоволно развиени подрачја во Република Македонија, чиј процент требаше да изнесува 1%. Тоа беше мојата дефиниција во тој дел.

Меѓутоа, зборувате за дефинирање на минимум средства од 1%, за регионален развој во Република Македонија вие во ставот 2 или во Бирото за регионален развој, тоа се две различни категории. Ако зборуваме за поттикнување на рамномерниот регионален развој од минимум 1%, тоа е една работа и тука влегуваат средствата од Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, фондовите на Европската унија, меѓународни извори, донации, спонзорства и тн. Тоа се пет или шест различни работи и навистина мислам дека се разбираме. Чесно би било да си кажете, знаете, ние проценивме дека немаме повеќе средства од 1%, меѓутоа, не може да нема, заради тоа што тогаш значи дека не можеме да зборуваме за имплементација на овој и така лош закон. Ако мислите за месец, два или три да имаме измени и дополнувања на овој закон, тоа е веќе друга работа, за што јас се повеќе станувам убеден дека ќе биде така. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега давам пауза од еден час за ручек.

(Пауза до 15,00 часот).

(По паузата седницата не продолжи соработа, а присутните пратеници во салата чекаа кворум до 16,00 часот)

(Седница прекина во 16,00 часот)